# За вашата посета во Клиниката за проверка на дојките

BreastScreen Victoria

Caring about Women

Овој информативен лист содржи неколку информации за тоа што ќе се случи сега откако ве замолиле да дојдете во Клиника за проверка на дојките за да направите понатамошни проверки.

## Зошто побараа од мене повторно да дојдам во клиниката?

Бевте замолени повторно да дојдете за да направите повеќе проверки затоа што на вашиот мамограм (редгенска снимка на дојките) има предел што треба повеќе да се испита. Најголем број од жените кои се повикани повторно да направат проверка немаат рак на дојката.

## Колку чинат овие проверки?

Сите тестови што треба да се направат за понатамошна проверка се бесплатни.

## Со кого можам да зборувам пред да дојдам во клиниката?

Ако сакате да добите повеќе информации, можете да телефонирате во Клиниката за проверка на дојките и да разговарате со посебно обучена медицинска сестра – советник.

## Што ќе се случи во клиниката за проверка на дојките?

Кога ќе дојдете, ќе ве пречека медицинска сестра – советник која ќе ви објасни што ќе се случи во текот на проверката. Ќе ве замолат да го прочитате и потпишете формуларот за согласност за да можат да се направат потребните тестови. Медицинската сестра – советник ќе одговори на сите прашања што можеби ќе сакате да ги поставите во врска со формуларот за согласност и тимот за проверка ќе ви нуди поддршка во текот на прегледот. Тим од доктори – специјалисти ќе го проверат пределот од дојката што треба да се испита.

## Колку ќе траат тестовите?

Одвоете најмногу половина ден за закажаниот преглед во Клиниката за проверка на дојките. Можеме да ви дадеме потврда дека сте присуствувале на прегледот за да се оправдате на работа. Можеби ќе сакате да донесете некој пријател или роднина да ви прави друштво додека чекате, но ним обично им е забрането да влегуваат во некои простории, на пример, просториите за рендгенско снимање.

## Кои тестови можеби ќе треба да ги направам?

Можеби ќе треба да направите еден или сите од следните тестови:

- **Дополнителни мамограми** – дополнителните мамограми се прават со цел докторите да можат повнимателно да го прегледаат пределот на дојката во кој се забележани промени. Ризикот од правењето на дополнителни мамограми е што ќе бидете изложени на радијација, меѓутоа, при мамографијата се користи радијација во многу мали дози и корисата од правењето на мамограми далеку ги надминува ризиците. Понекогаш, дополнителното зрачење може да биде непријатно, ако се чувствувате премногу непријатно, замолете да ја прекинат процедурата и тоа веднаш ќе се направи.
- **Ултразвук на дојките** – се користат звучни бранови со кои подетално се гледа ткивото во дојката. На дојката се става гел и сондата се поставува на кожата. Не постојат ризици при правењето на ултразвук и тоа не треба да биде болно или непријатно.
- **Преглед на дојката** – докторот ќе провери дали има било какви измени во дојката што може да се видат или почуствуваат.
- **Иглена биопсија на дојка** – докторот користи игла за да земе мал примерок на клетки или ткиво од пределот на дојката што треба да се испита. Повеќе информации за овие тестови ќе добиете тогаш кога ќе треба да ја направите оваа проверка.

## Дали имам избор?

Можете да ја повлечете вашата согласност и да побарате во било кое време да се прекинат проверките.

## Кога ќе ги добијам резултатите?

Повеќето жени ќе ги добијат резултатите истиот ден. Меѓутоа, резултатите од биопсијата може да се добијат дури после една недела. Копија од вашите резултати ќе му биде испратена на вашиот доктор.

## Што ќе се случи после проверката?

На најголем број од жените ќе им се каже дека при проверката не биле пронајдени никакви знаци на рак на дојката и тие ќе добијат покана да дојдат повторно за проверка на дојките, како и вообичаено, после две години.

## Што ќе се случи ако се открие рак на дојката?

На мал број жени ќе им биде поставена дијагноза на рак на дојката. Ако тоа се однесува на вас, тогаш ќе имате средба со докторот и медицинската сестра – советник кои ќе разговараат со вас за резултатите и ќе ви објаснат што следува понатаму. Ќе ве упатат до вашиот доктор кој ќе подготви упат за понатамошно лекување. Повеќето видови на рак на дојките кои се откриваат при проверките се во рана фаза. Ако ракот на дојката се открие навремено, тогаш веројатноста е дека тој е во мала форма и може успешно да се лекува.

За повеќе информации: **breastscreen.org.au**

FS9 MAC/1115